РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Дирекција за технолошки индустриски развојни зони
Drejtoria për zona zhvillimore teknologjike industriale

Бр./Nr. 01-433/1
24.02. 2026 год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ДИРЕКЦИЈА ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ

ТИРЗ
РАСТЕМЕ ЗАЕДНО

ПРАВИЛНИК
за изменување и дополнување на Правилникот за користење и управување со службени возила на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони

Скопје, 24.02.2026 година

Управниот Одбор согласно член 20 од Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија“ бр. 14/07, 103/08, 130/08, 139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16, 83/18 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 13/23, 59/25 и 154/25), член 18 став 1 точка 34 од Статутот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Деловникот за работа на Управниот одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, на својата сто деведесет и петта редовна седница одржана на ден 24.02.2026 година усвои:

ПРАВИЛНИК

за изменување и дополнување на Правилникот за користење и управување со службени возила на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони

Член 1

Во Правилникот за користење и управување со службени возила на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони бр.01-1504/1 од 15.10.2025 година, Член 4 став 4 се менува и истиот сега гласи:

“Образец 1 – Налог за службено патување со патничко моторно воило/службено возило е даден во прилог на овој Правилник и е негов составен дел.”

Член 2

Во член 8 став 2, став 3, и став 5 зборовите “Одговорно лице за возниот парк” се менуваат со зборовите “Одговорно лице за одржување на возилата во возниот парк”.

Во членот 8 по ставот 6 се додава нов став 7, и истиот гласи:

“Одговорно лице за одржување на возилата во возниот парк води дневник за одржување на возилата на начин со пополнување на Образец 3, Образец 4, Образец 5 и Образец 6 дадени во прилог на овој Правилник и претставуваат негов составен дел”.

Член 3

Во член 8а став 1 и став 2 се врши измена на зборот “Образец 1” со зборот “Образец 2”.

Член 4

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави на огласната табла во Дирекцијата за ТИРЗ.

Дирекцијата за ТИРЗ
Потпретседател на Управен Одбор
Урим Кроси